З А П И С Н И К

Од 7-тата седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево одржана на ден 26.02.2026 година со почеток од 10:00 во просториите на Општина Чешиново-Облешево-сала на Совет.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Чешиново-Облешево г-дин Горанчо Димишков.

Од вкупно 11 Советници на седницата присуствуваа сите 11 советници и тоа: Горанчо Димишков, Александар Саздов, Виктор Нестов, Даниел Гочев, Грозде Митров, Христина Горгиева, Дивна Зафирова, Бранко Стоименов, Влатко Заов, Борчо Гигов и Дарко Стојанов.

На Седницата присуствуваа Градоначалник Јорданче Костадинов, директор Ленче Јакимова, В.Д. директор Иван Богданов, Игор Јанев-раководител на ЈПКД Облешево, Ивана Миленкова Советник за информатичко комуникациска технологија и систем администратор и Записникот го води Емилија Анастасова-Советник ревизор на обука.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков: Почитувани советници, почитуван градоначалник, почитувана директорке, добар ден. Ја отварам 7мата редовна седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево. Записникот од 6-тата редовна седница го имам те пред, дали некој бара збор.

Бранко Стоименов: Благодарам претседателе, околу записникот сакам да кажам една интервенција, иако за мене до сега еден од најдобрите и најквалитетните записници, нешто добро направено. За да не одам со допуна на дневен ред, сакам да направиме една интервенција на записникот, а се однесува на минатата седница, имав една предлог точка усно барање, комуналниот инспектор да излезе на терен, за депониите. Беше кажано дека треба да поднесам писмено барање до комуналниот инспектор. Секој општински проблем, советниците ги нотират и ги изнесуваат на седница, се донесува одлука, службите ги проследуваат до надлежните лица. Значи, да не одам на допуна на дневниот ред, советник не може да поднесува барање до надлежни лица за општински проблеми. Значи да не одам со допуна на дневниот ред, едноставно една интервенција во записникот, истото да важи за двете работи, комуналниот инспектор да излези на терен затоа што за месец дена работата е е многу лоша, посебно на депонијата. Камиони носат шут, вчера трактори. Влошена е состојбата. И уште една работа ако прифатите, вадата која е чистена, земјата е ставена на коловозот, наместо од другата страна да оди. Нека дојде инспектор на лице место, нека направи увид. Да не одеме со предлог допуна на дневен ред, интервенција во записникот едноставно, инаку записникот е перфектен, одлично составен, само со овие две-три работи барам комуналниот инспектор да излезе на терен и да ја заврши работата.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков: Благодарам, дали некој друг бара збор? – Бидејќи никој не бара збор записникот со интевенциите го ставам на гласање.

Се премина на гласање и со со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Записникот од шестата седница.***

И усвојување на записникот на комисија од Мандатни прашања од 4-тата седница го ставам на гласање.

Се премина на гласање и со со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Записникот на комисија од мандатни прашања .***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков за работа на 7-мата Седница на Совет на Општина Чешиново-Облешево го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. Полугодишен извештај за работата на ООУ “Страшо Пинџур” с. Соколарци во учебната 2025/2026 година
2. Полугодишен извештај на работата на ООУ “Климент Охридски ” с. Облешево за учебната 2025/2026 година
3. Годишен извештај за активностите на ЈПКД Облешево во 2025 година
4. ИЗВЕШТАЈ за финансиско-материјално работење на ЈПКД Облешево од с. Облешево од 01.10.2025 до 31.12.2025 година
5. Завршна сметка за 2025 година за ЈПКД Облешево
6. Барање за одобрување на средства за набавка на приклучна механизација-хидраулишен мулчер
7. Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Зрновци
8. ИЗВЕСТУВАЊЕ за раскинување на Договор за воспоставување меѓуопштинска соработка
9. Предлози, прашања и барања

Директорка Ленче Јакимова: На 30 јануари имам доставено Барање согласност за доградба на дел од објект наменет за образование.

Емилија Анастасова: На наредено совет ќе биде ставено како точка.

Сите советници едногласно го усвоија дневниот ред.

1*. *Полугодишен извештај за работата на ООУ "Страшо Пинџур" с. Соколарци во учебната 2025/2026 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на директорката Ленче Јакимова.

Ленче Јакимова : Пред вас го имате сигурно полугодишниот извештај, ќе ви прочитам само дел, што мислам дека е најнеопходно а за другото ако има некој прашање слободно нека ми поставе. Нашето училиште знаете сите дека работе со едно централно и три подрачни училишта, 27 училници, 8 канцеларии, 2 училишни сали, 3 помошни простории итн. Значи побитно за оваа учебна година е 187 ученика, 112 одделенска, 75 предметна. Изостаноците во првото полугодие се 2020 а неоправданите се зголемени за 88 од минатата година. Имаме 13 одделенски наставници, 16 предметна, 32 заедно со стручната служба и техничкиот персонал. Успехот на учениците е најдобро од 4то до 5то одделение. Во наставните активности имаат учествувано во спортски активности и други работилници. Приоритети ни се стручно усовршување на наставниците, континуирана примена на знаење стекнати од обуките и реконструкција на фискултурната сала во Чешиново. Ако има некој нешто слободно може да ми постави прашање.

Грозде Митров: Почитувани, сакам да ја прашам директорката на основното училиште Страшо Пинџур зошто спанчевските деца од 6то и 7мо одделение се преместени во Соколарци а 7мо, 8мо и 9то се преместени во Чешиново, од кои причини?

Ленче Јакимова : Предметните ученици можат да одат во Соколарци и во Чешиново. Условите се исти, причините се малиот број на ученици и да не се затворат паралелки и да не се комбинират предметни одделенија.

Грозде Митров: Има најава и на телевизија да има кратење на паралелки.

Ленче Јакимова : Кај нас и да треба да се намали, ќе се намали во Соколарци.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков праша дали има прашања.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАН советник** е усвоен ***Полугодишен извештај за работата на ООУ "Страшо Пинџур" с. Соколарци во учебната 2025/2026 година***

2. Полугодишен извештај на работата на ООУ "Климент Охридски " с. Облешево за учебната 2025/2026 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на В.Д. директор Иван Богданов.

Иван Богданов: ООУ "Климент Охридски" од Облешево ја спроведува наставата со едно централно училиште и четири подрачни. Оваа година имаме запишано 150 ученици и тоа во одделенска настава 79 ученици распоредени во 13 паралелки 6чисти

и 7 комбинирани, во предметна настава 75 ученици распоредени во 8 чисти паралелки и 2 комбинирани. Од воспитно-образовната работа ќе издвоиме освен наставата, грижа за здравјето на учениците, соработка со локалната средина, следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа и стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар и др. стручни соработници. Ова полугодие успехот беше 4,21, во споредба со минатите години поголем. Вкупниот број на изостаноци е 1043 од кој оправдани се 797 и неоправдани изостаноци 246. Во наставни активности ќе ги издвоиме првиот училишен ден, обуки, работилници, спортски игри, изработка на плакати. Грижа и здравје на учениците ќе издвоиме анализа и хлорирање на водата во с. Чифлик и Облешево, вакцинизација и ревакцинација на учениците според планот на МЦК, редовни систематски прегледи за учениците според планот на МЦК, стоматолошки прегледи на учениците и осигурување на учениците во осигурителна компанија Граве Осугурање Неживот АД Скопје. Соработка со локаната самоуправа е во материјални и финансиски средства.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Полугодишен извештај на работата на ООУ "Климент Охридски " с. Облешево за учебната 2025/2026 година***

3. Годишен извештај за активностите на ЈПКД Облешево во 2025 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор Игор Јанев-раководите на ЈПКД Облешево: Ова е редовен годишен извештај, во текстуална форма за активностите кои спаѓаат во редовниот опсејт на дејности и проблемите кои се јавуваат во текот на годината. Во 2025 година во комуналното работеше во континуитет на услугите. Крајот на годината го завршивме со вкупно 8 редовно вработени лица. Во делот на комунален отпад опсложуваме физички лица 1553 домакинства. Се собираат вкупно 1400000 отпад. Како посебна карактеристика во текот на 2025 година беше зголемувањето на цената на комуналниот отпад за 50% за физички лица и 100% за правните лица. Ова зголемување стартуваше во јануари. Воедно стартуваше и обврската за плаќање на депониран комунален отпад на Општина Кочани одностно на ЈКП Водовод, по цена од 220 денари на метар кубен на отпад. Нашите возила се тамо мерат и се води евиденција за вкупно депонираните колицини на нашата фирма и на кратој на месецот добиваме фактура. Во делот на водоснабдувањето, опслужуваме 408 корисници со сите пропратни слабости и недостатоци. Годината ја обележаа поголеми хаварии која најкритично беше кражба на трафостаницата во с. Кучичино каде што беше извадена целата опрема.Имаше поголеми хаварии и со главната пумпа. Како проблем од година во година е намалувањето на корисниците.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Годишен извештај за активностите на ЈПКД Облешево во 2025 година.***

4. ИЗВЕШТАЈ за финансиско-материјално работење на ЈПКД Облешево од с. Облешево од 01.10.2025 до 31.12.2025 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на раководителот на ЈПКД Облешево-Игор Јанев: Ова е редовен извештај на 3 месеци-квартален извештај, овој пат го касниме, требаше да помине во јануари. Ивештајот е со позитивен баланс. Во него се трошоците редовни.

Грозде Митров: Сакам да прашам за улишното осветлување во која насока се движи. Има многу поплаки, како ќе се санира тоа?

Игор Јанев:Од месец мај комуналното не е веќе под комуналното, туку е под општината.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ; НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***ИЗВЕШТАЈ за финансиско-материјално работење на ЈПКД Облешево од с. Облешево од 01.10.2025 до 31.12.2025 година***

5. Завршна сметка за 2025 година за ЈПКД Облешево

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на раководител на ЈПКД облешево-Игор Јанев.

Игор Јанев: И ова е документ кој претавува државен фининскиски образец што се поднесува до централен регистар, ова се финансиски работи и сме во добивка.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Завршна сметка за 2025 година за ЈПКД Облешево***

6. ***Барање за одобрување на средства за набавка на приклучна механизација-хидраулишен мулчер***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на раководителот на ЈПКД Облешево-Игор Јанев.

Игор Јанев: Во самото барање е и образложението на оваа потреба. До сега делот на одржување на јавни патишта ние го одржуваме, косењето на банкини на локални патишта а тоа се одржува со ротациона тракторска косачка и е неадекватна. Не е квалитетна услугата. Адекватна механизација е токму ова, хидрауличен мулчер и би било добро советот да донесе одлука, да се предвиди таква набавка и во иднина во зависност од можностите да се има во предвид што побрзо да биде набавена.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Со оглед на тоа дека предходно на ова барање од страна на директорот беше разговор и комуникација на таа тема, можам да ве известам дека реално е побарувањето од страна на комуналното претпријатие за ваква приклучна механизација која во голем дел ќе ја подобри услугата која што тие треба да ја дадат во врска со оддржување на јавните зелени површини. Затоа неминовна потреба е да се пристапи кон ваков тип на набавка согласно законот и деловникот за работа вие треба да донесете ваква одлука а ние понатаму со службите во општината да постапиме кон тоа дали таквата приклучна механизација ќе ја набавиме преку навна набавка и веќе сме во преговори со некои донатори кои што постои можност да дониираат ваков тип на приклучна механизација но сепак вие како совет ќе треба да донесете одлука за да можеме понатаму да пристапиме на ова нивно барање кое што ни е за подобрување на условите на општина Чешиново-Облешево.

Игор Јанев: Пазарна цена на еден мулчер изнесува околу 150.000 денари.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***Барање за одобрување на средства за набавка на приклучна механизација-хидраулишен мулчер.***

7. ***Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Зрновци***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Градоначалникот.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Сакам да ве известам како советници дека согласно законот а и според насоките што ги добиваме од организацијата ЗЕЛС за мегуопштинска соработка помеѓу општините, тоа е една пракса која што подолго време се применува и поголем дел од општините не ги имаат сите потребни административни службеници за извршување на тековните задачи и во тој контекст е и овој предлог за воспоставување на општинска соработка со Општина Зрновци каде што од страна на нив е побарано службеници од нашата општина им вршат работи кои што се им потребни во делот на урбанизацијата на нивни општински објекти и разгледување на купопродажни договори поврзани со земјиште. Бидејќи ние како општина имаме такви лиценцирани службеници кои што можат да ја завршат таа

работа, во комуникација со општинските совети и со градоначалникот на општината ако сепак донесете одлука ќе им биде дозволено на административните службеници од општина Чешиново-Облешево да вршат услуга и во општина Зрновци. Инаку ова не е нешто ново, ова е пракса која што е години, ние ваква меѓуопштинска соработка имаме воспоставено и со општина Кратово за инспектор за животна средина, со некои други општини од поранешните совети, сме имале со општина Кривогаштани, Зрновци, кога тие на нас ни давале услуга со никои службеници, така да предлагам на советот да ја продолжиме оваа пракса се со цел да ваков начин на соработка и со другите општини бидејќи и ние ќе се соочиме со некоја општина кога и ние ќе бараме службеници. Мислам дека овој предлог е во ред и е согласно законот и барам од вас да го подржиме.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **8 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Зрновци.***

8. ИЗВЕСТУВАЊЕ за раскинување на Договор за воспоставување меѓуопштинска соработка

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Градоначалникот.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Во предходната точка беше за воспоставување на меѓуопштинска соработка сега имаме за раскинување затоа што според известувањето на општина Кривогаштани веќе немаам потреба од ваква соработка односно веќе подолго време не е побарано услуга од службите на општината и затоа предлагаме да биде раскинат овој договор за меѓуопштинска соработка, благодарам.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***ИЗВЕСТУВАЊЕ за раскинување на Договор за воспоставување меѓуопштинска соработка.***

9. Предлози, прашања и барања

Претседател на совет Горанчо Димишков: Барањата ќе ги читам едно по едно.

1. ***Барање од Гацова Тања.*** Отварам претрес по ова барање, кој бара збор.
   Грозде Митров: Јас како претседател на комисијата за финансии, оддржавме комисија, расправавме за барањето за Тања Гацева. Таа има дете со посебни потреби и ставот на комисијата е максимум 6000 денари.
   Бранко Стоименов: Значи предлогот на комисијата е 6000 денари, така?
   Градоначалник Јорданче Костадинов: Вакви барања за покривање на трошоци за деца со посебни потреби и кои што имаат потреба да го посетуваат ресурсниот центар во друга општина, имавме и предходно такво барање на кое што донесовте позитивна одлука. Ова е второ барање на општинско ниво за такво дете што родителите имаат потреба секојдневно да го носат на часпви во ресурсниот центар во Кочани или во Виница, притоа имаат секојдневни трошоци и затоа вие како совет носите одлука за покривање на тие трошоци и не е ова за еднократна помош.
   Бранко Стоименов: да, точно, затоа и прашав дали е предлог на комисијата, пред неколку седници имавме исти случај ваков, да, се согласувам, затоа што детето е со посебни потреби како што беше и предходниот случај да се покрие и за овој случај, благодарам.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***Барање од Гацова Тања.***

2. ***БАРАЊЕ од Горан Ангелов за еднократна финансиска помош***
   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков:Го молам претседателот на комисијата да се произнесе.
   Грозде Митров: Горан Ангелов има повреда на нога и има потреба за лекување, ставот на комисијата е 3.000 денари.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАН советник** е усвоено ***БАРАЊЕ од Горан Ангелов за еднократна финансиска помош***

3. ***Барање од група граѓани од с.Соколарци***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Грозде Митров.

Грозде Митров: Барањето е 20 вреќи цемент и една приколица песок а граѓаните сами ќе си ја завршат работата.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Барање од група граѓани од с.Соколарци***

4. БАРАЊЕ за еднократна парична помош од Стојан Стоиловски

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Грозде Митров:

Грозде Митров: Како и сите други барања за еднократна финансиска помош, ставот на комисијата е 3.000 денари.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***БАРАЊЕ за еднократна парична помош од Стојан Стоиловски***

5. БАРАЊЕ од Петар Донев с. Жиганци

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на градоначалник Јорданче Костадинов.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Факт е дека и во изминатиот период и во иднина ќе продолжат вакви и случни барања што се однесуваат на санации на дел од јавни површини или инфраструктурни објекти на територијата на општината на сите населени места. Јас ве замолувам конкретно за овој случај, не сум запознат лично но гледам дека станува збор за крекопување на пристапен пат од страна на сосед. Би требало да се утврди на терен дали станува збор за пристапен пат што е под ингеренции на општината или се работи за меѓник, двор или нешто случно и затоа да бидеме внимателни во донесувањето на ваквите одлуки затоа што навлегуваме можеби во приватни имотно-правни односи кои што ги имат нарушено меѓу себе соседите и не по секоја цена да носиме одлуки и не ни се проверени на терен. Со самата програма за одржување на патишта на територијата на општина Чешиново-Облешево ние сме обврзани за санација на секој еден дефект на теренот но настанат од природни катастрофи, од употреба на самата инфраструктура, така да со доза на резерва да ги прифаќаме сите вакви барања кои што доагаат од страна на поединци луѓе од кои што се бара дека му е направено штета од страна на физичко лице. Не сакам да зборувам конкретно за случајот бидејќи не знам за што се работи, меѓутоа добро би било службите од општината да излезат на терен и да ја проверат целата работа па потоа да носиме одлуки во смисла на тоа да дозволуваме или одобруваме помош во материјални добра, Ви благодарам.

Грозде Митров: Ќе се надоврзам на градоначалникот, во иднина службите прво да излезат на терен, да дојдат да ни образложат.

Горанчо Димишков: Ова барање ќе го проследиме до инспекциските служби.

6. ***БАРАЊЕ од страна на група граѓани од село Чешиново***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на градоначалник Јорданче Костадинов

Јорданче Костадинов: Можеби некој од советниците ќе имаше дообјаснување со оваа точка.

Даниел Гоцев: Овај барање е на група граѓани на с. Чешиново. Тие тополи се посадени од Мак Млин а таа парцела бр.4322 е државно место. Мислам дека треба да се најде решение пошто тие се многу високи, 20 години стари тополи и кај и да е може да има некои последици на самите куќи и самиот сообраќај.

Јорданче Костадинов: Овај барање е како предзнак затоа што ние размислувавме да направиме и не само со тополите, конкретно катастарската парцела што е наведена во барањето туку и со остатокот од древни насади кои што ги има на територијата на Чешиново-Облешево а се на јавни површини и притоа се опасност или предизвикуваат штети на околината. Затоа кон ова барање нема да пристапиме само кон таа конкретна катастарка парцела која што е наведена во самото барање туку размислуваме во рамките на општината да распишиме тендер за некоја фирма која што ќе ги санира сите вакви или слични последици или опасности што ги имаме на територијата, но сепак морам да ви дадам едно укажување дека за да го сето ова спроведеме мораме да побараме согласност од страна на Македонски шуми кои што се на некој начин задолжени за правно отстранување на дрвните насади кои што ги има на територија на Чешиново-Облешево. Затоа во иднина ќе пристапиме кон вакви активности за расчистување на ваквите проблеми. Таков тип на насади има скоро во секое населено место, секако ќе го имаме во предвид зачувањето на животната средина, меѓутоа првично замислата е да се изврши окастрување на крошните на тие големи дрвја а ако некаде се предвиди дека тие дрвја се опасност за околината по инфраструктурата тогаш ќе се побара мислење од шумско стопанство. Така да во најбрз можен период ќе пристапиме кон реализација и на ова барање и на останатите такви слични проблеми.

Бранко Стоименов: По основ на барање, и да сакаш сега вработен од ЈПКД Облешево да оди да сече, не смее. Мора одобрение од Македонски шуми. Значи подобро ќе биде предлогот на градоначалникот. Инаку и да сакаме, еве ќе го сласаме ова барање, но не е издржливо.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков: Ова барање ќе се проследи до Македонски шуми.

7. ***БАРАЊЕ од Тоше Стојов од с. Спанчево***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Грозде Митров.

Грозде Митров: Со ова барање е запознат градоначалникот, проблемот е настанат при чистење на одводниот канал што минува низ село Спанчево од баѓерите и камионите. Бара околу 80 вреќи цемент и песок а работната снага тој ќе си ја обезбеде.

Градоначалник: Начелно вие дадевте збор за ова, врз основа на што се должи ова барање од Тоше Стојов. Таму имавме активност околу, поточно активноста беше од страна од

Водостопанство Брегалница но општината беше задолжена да го изнесе отпадот од чистење на каналот, беа ангажирани и транспортери од поголена носивост и имајќи во предвид структурата на земјиштето што е од каналот дојде до попуштање на ѕидот кој што е во сопственост на Тоше Стојов од с. Спанчево. Во разговор со него кажавме дека ние како општина ќе пристапиме кон санација на штетата кои што ги имат направено возилата за да се направи чистење на каналот. Сега во овој момент неблагодарно е да се зборува за количината која што се бара од негова страна за санација на теренот меѓутоа со помош на службите од општината ќе се излезе на терен и ќе се констатира колкава всушост ќе биде потребата од интервенција од општината за да му се овозможи полесно санирање на направената штета. Комуникација имаме со лицето и мислам дека ќе заврши во најбрзо можно време но сепак вие како советници би било добро да донесете одлука дека е потребно општината да интервенира кон санација на настанатата штета. За количините во овој момент не можеме да кажеме.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***БАРАЊЕ од Тоше Стојов од с. Спанчево***

Горанчо Димишков: Дали некој има прашања?

Бранко Стоименов: Имам прашање до градоначалникот. Градоначалник, пред неколку седници ти имав поставено и ми рековте дека не сте во тек, дека ќе испитате и ќе ми одговорите на некоја од наредните седници. Се работи за улицата која е од минатиот состав на совет, кај што беше во програмата, кај што имаше тендерска документација, имате финансова конструкција, имаше фирма мегутоа преку ноќ договороот беше раскинат и не знам парите мош се пренаменети на друго место. Ми останавте должен одговор околу ова.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Од она што јас го имам како увид во општината, во проектите за таа улица контретно во населено место Теранци, нити има постоечки проект нити е размислувано некогаш да се изготвува техничка документација. Значи тоа што стигнало до вас како информација е веројатно некоја лажна информација но тоа не значи дека ние како општина во иднина нема да пристапиме кон изработка на техничка документација и проект за таа улица како и за повеќето улици во сите населени места и се надевам дека во идно време ќе добиеме тамо асвалт. Значи конкретно за улицата што зборуваме моментално во општинската архива не постојат пишани документи .

Бранко Стоименов: Значи јас само прашав а вие давате одговор, инаку не е тајна, јас и кога ве прашав ви кажав дека информацијата ми е од поранешниот совет.

Влатко Заов: Почитуван градоначалник, со вас разговаравме на тема канализација во село Чифлик, вие сте запознати дека многу домакинства се приклушени на канализационата мрежа, видов дека и многу јами се чистат во шахтите а излез нема. Ќе мора моментално да се стават цевки кај игралиштето и да се спроведат во каналот.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Благодарам советник Заов. Јас сум запознат и од вас и од другите жители на село Чифлик дека всушност во Чифлик се соочуваме со една небулозна ситуација во која имаме поставено еден крак на канализација во населеното место кое не е пуштено во употреба и моментално сите луѓе кои што се приклучуваат во самата канализација прават прекршок односно подлежат на санкции. Тоа на неколку наврати е укажувано од страна и на испекциската служба и на другите вработено во општината меѓутоа некако нашите граѓани не сакаат да си земат одговорност пред јавноста, да постапуваат според правилата па

затоа ќе бидат приморани инспекциските служби да пристапат и тамо кај што констатират диво приклучување да интервенираат со соодветни мерки. Инаку секогаш е непопуларна одлука да некој биде казнет заради нешто што треба да поседува и затоа мое начелно размислување е тамо во најбрзо можно време да воспоставиме ред. Моментално сме во преговори со една компанија која што изработува прошистителни станици и каде што треба да се намести баш тамо, овој проблем ни се провлекува подолг период затоа што немаме урбанизација во населено место Чифлик. До моменто до дека да дојдеме до финално решение на оваа ситуација, бараме некои моментални решенија кои што не се согласно прописите, законите за одржување на животната средина меѓутоа сепак добро ќе биде да фекалната канализација ја изнесеме надвор од населеното место. Досега временските услови беа најголемиот непријател за да се пристапи тамо и да се работи. Инаку приблемот е алармантен и бара брзо решение меѓутоа со создавањето на временски услови да се дозволи теренски да се работи, ние отпочнавме некоја активност таму со одводнување дел од таа канализација меѓутоа бевме спречени од преголемите врнежи кои што се појавиа. Се надевам дека ќе се смири временската состојба и за брзо време со помош на јавното претпријатие и ќе можеме да воспоставиме ред во врска со тоа да фекалната канализација од с. Чифлик ја третираме правилно и не на штета на граѓаните, благодарам.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков:Ја затворам 7-тата редовна седница.

Советот заврши во 11:30 часот.

Записничар *Претседател на Совет*

Емилија Анастасова *Горанчо Димишков*

_____ М.П. _____